**ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Адреса: Бул. АСНОМ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
E-mail: mok@mok.org.mk, www.mok.org.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 12.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2119/3 | | |

**До:** Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор д-р Зоран Трајчевски

**Од:** Олимписки комитет на Северна Македонија

**Датум:** 12 јуни 2026 година

**ПРЕДМЕТ: Коментари на Нацрт-одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија**

Почитувани,

Најпрво сакаме срдечно да ја поздравиме Вашата иницијатива за ревизија на постојната листа на настани од големо значење утврдена во 2015 година. Од името на Олимпискиот Комитет на Северна Македонија, изразуваме огромна благодарност за поканата да дадеме наши коментари и предлози.

По деталното разгледување на текстот на Нацрт-одлуката, генералниот впечаток е дека документот е одлично конципиран. Посебно нѐ радува и го поздравуваме фактот што како настани од големо значење се утврдуваат Зимските и летните олимписки игри, Зимските и летните параолимписки игри, како и Олимпијадата за глуви лица.

Сепак, со цел документот да биде целосен и попрецизно да ја рефлектира реалната слика на македонскиот спорт, даваме официјален предлог листа на настани да се дополни со:

- **Медитерански олимписки игри**
- **Европски олимписки игри**

Цврсто сметаме дека овие настани целосно ги исполнуваат условите наведени во Нацрт-одлуката, односно задоволуваат најмалку 2 (два) од утврдените критериуми.

Особено сакаме да го истакнеме огромното значење на Медитеранските игри. Ова е најмасовниот спортски настан на кој убедливо најголем број на македонски спортисти и национални репрезентации земаат учество и ја претставуваат нашата држава. Со самото тоа, овој настан директно го исполнува критериумот кој налага настанот да вклучува национална репрезентација или национален претставник во одреден спорт на голем меѓународен турнир. Истовремено, поради масовноста и традицијата, настанот и неговиот исход имаат голем одглас кај населението во нашата држава.

**ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Адреса: Бул. АСНОМ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
E-mail: mok@mok.org.mk, www.mok.org.mk

Дополнително, би сакале да посочиме дека телевизиските права, односно лиценцата за пренос на Медитеранските игри ја поседува Евровизија (EBU). Оттука, сметаме дека е од исклучителна важност овие игри да бидат пренесувани на телевизиските програмски сервиси со слободен пристап (бесплатна телевизија), со што на пошироката јавност ќе ѝ се овозможи непречено да ги следи настапите на македонската делегација.

Истата аргументација се однесува и на **Европските олимписки игри**, каде нашите спортисти континуирано бележат учество и постигнуваат забележителни резултати, што е од есенцијално значење за градењето на спортската култура и идентитет кај младите генерации.

Покрај претходно наведените спортски игри, **предлагаме во листата да бидат земени предвид и Европските и Светските првенства во сите екипни и индивидуални спортови, како и Националните првенства (во екипна и индивидуална конкуренција).** Вклучувањето на овие натпреварувања е од витално значење за пошироката популаризација на спортот кај нас. Преку нивно емитување драстично се зголемува видливоста на различни спортски дисциплини, што директно придонесува кон континуиран спортски раст и масовна мотивација на младите. Знаејќи ја нивната важност, сигурни сме дека овие натпреварувања лесно ќе исполнат барем 2 (два) од посочените критериуми во Нацрт-одлуката, особено во делот на дистинктивната културна важност за населението и нивниот одглас во јавноста. Вклучувањето на овие настани во конечната Одлука е многу важно за развојот на спортот во нашата земја и за промоцијата на олимписките вредности.

Уште еднаш Ви благодариме за одличната соработка и посветеноста.

Стоиме на располагање за сите дополнителни прашања или информации кои ви се потребни.

Со почит,
м-р Даниел Димевски,
Претседател
Олимписки Комитет на Северна Македонија

ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Изработил: Ѓорги Тасев